**ТД МАКОШПЕД АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ
## од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата на работењето на друштвото во 2022 година

**Доставено до годишно собрание на**
**Акционери на ТД МАКОШПЕД АД**

**I.**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, на Одборот на директори како орган на управување на друштвото му се дадени најшироки овластувања во управувањето во рамките на предметот на работењето на друштвото и согласно позитивните законски прописи кои се на сила. Согласно овластувањата кои произлегуваат од законот и статутот на друштвото неизвршните членови на одборот на директори ја утврдуваат деловната политика на друштвото, ги усвојуваат деловниот план за работа на друштвото, донесуваат програми и други општи акти на друштвото, даваат насоки за нивно спроведување, ги донесуваат актите на деловната политика, а како посебно овластување им е дадено вршењето надзор над работењето на извршниот член на Одборот на директори и право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото.
Во рамките на своите надлежности, неизвршните членови во овој извештаен период своите активности и работењето особено ги насочија кон продолжување на профитабилното работење на друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето, планирање, развој и промоција на услугите, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива.

Во рамки на своите надлежности согласно одредбите од статутот на друштвото поконкретно опишани од чл.36 до чл.56 Одборот на директори своето работење го остваруваше на своите редовни седници.

Во деловната 2022 година органот на управување на друштвото одржа 11 седници на кои се донесени 59 одлуки. Согласно одредбите од законот за трговските друштва претседателот ги свикуваше и одржуваше седниците со утврден дневен ред, материјали по точките од дневниот ред и обезбедено присуство на потребен број членови за исполнување на кворум за полноправно одлучување.

## II. РАЗГЛЕДУВАЊЕ, УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И ПОЗНАЧАЈНИ ОДЛУКИ

Одборот на директори во текот на деловната година ги разгледуваше следните извештаи:
- месечен извештај за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од извршен директор ;
- тримесечен извештај за постигнатите ефекти и резултати од

работењето на Друштвото од извршен директор;
- неревидирани финансиски извештаи за период 01.01-31.03; 01.01-

- годишен извештај за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од извршен директор;
- полугодишен и годишен извештај на службата за внатрешна ревизија на друштвото;

Усвоените извештаи членовите на органот на управување на одржаните седници детално ги разгледаа, дискутираа по истите, донесоа соодветни заклучоци и насоки за понатамошна работа на друштвото, и донесоа одлуки за одобрување на истите. Позначајни одлуки кои ги донесе одборот во 2022 година се одлуки со арх. број 02-91/3; 02-91/4 од

## III. КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Неизвршните членови на одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, согласно своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на друштвото преку:
редовно разгледување на извештаите на извршниот директор
- разгледување на годишната сметка, финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на друштвото
-
разгледување на извештајот на овластениот ревизор
донесување на Одлуки за кои согласно Закон и Статутот е надлежен Одборот на директори.
Неизвршните членови на одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, редовно следејќи го финансиското работење на друштвото и делувајќи во согласност со системот за внатрешна контрола и процедури го заклучија следното :

### III. 1 КОНТРОЛА И ПРОЦЕДУРИ

Менаџментот на друштвото изврши оценка на ефикасноста во спроведувањето на процедурите и контролите на обелоденување заклучно со 31.12.2022 година и утврди дека таквите контроли и процедури се ефективни и ефикасни, во согласност со законската регулатива.
Неизршните членови на одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД Скопје согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговски друштва го следеа и редовно го контролираа работењето на друштвото во деловната 2022 година, а особено контрола

на финансиските извештаи и по спроведената интерна контрола од нивна страна, го поднесоа следниот годишен извештај за резултатите од извршена контрола :

1. Неизвршните членови на одборот на директори на друштвото се одговорни за воспоставување и одржување на адекватна внатрешна контрола на финансиското известување на ТД МАКОШПЕД АД Скопје. Внатрешната контрола на финансиското известување е процес дизајниран со цел обезбедување респектабилна гаранција во врска со точноста на финансиското известување и подготовка на финансиските извештаи за целите на надворешното известување, а во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република С.Македонија.

2. За годината која што заврши на 31.12.2022 година, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи, како и ревидираните финансиски извештаи и утврдија дека финансиските извештаи објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите значајни аспекти од работењето на фирмата.

3. Неизвршните членови на одборот на директори веруваат дека воспоставениот систем за внатрешна контрола за финансиското известување и финансиските извештаи дава реален приказ на состојбите без материјални слабости за годината која заврши на 31.12.2022 година.

4. ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, овластен ревизор, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, за годината која заврши, издаде извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ТД МАКОШПЕД АД Скопје заклучно со 31.12.2022 година како и финансиска успешност и паричните текови на Друштвото за годината што заврши во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Р.С.Македонија, освен за ефектот од работите опишани во Основа за мислење со резерва.

## IV. Промени во внатрешната контрола на финансиското известување

Неизвршните членови на Одборот на директори на ТД МАКОШПЕД АД Скопје, потврдуваат дека при внатрешна контрола на финансиските известувања за годината која заврши, не беа променети критериумите за контрола, кои влијаеа или можеа да влијаат на материјалните аспекти на спроведената внатрешна контрола на финансиските извештаи.

## V.Корпоративно управување

Во октомври 2021 година Македонска берза АД Скопје го донесе новиот кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва кои

котираат на Македонската берза.ТД МАКОШПЕД АД Скопје и покрај тоа што не го опфаќа донесениот кодекс за корпоративно управување на Македонска берза АД Скопје и во 2022 година продолжи да ги применува добрите практики на корпоративно управување.

Во текот на 2022 година, друштвото одржа редовно Собрание на акционери во месец мај, при што беше испочитуван принципот за остварување на правата и интересите на акционерите. Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието на друштвото и имаат еднаков третман согласно правата кои произлегуваат од класата и родот на нивните акции. Друштвото ги штити правата и интересите на акционерите на тој начин што овозможува остварување на нивните права да предлагаат точки на дневен ред, поставуваат прашање во врска со точките на дневниот ред, да се вклучуваат во дикусијата, да даваат забелешки на текот на седницата на Собранието и да бараат истите да бидат внесени во Записникот од Собранието.

Друштвото при свикување на седницата на редовното годишно Собрание на акционери во мај 2022 година, во целост ја испочитува пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување/учество, како и начинот на водењето на Собранието.

Постапувајќи по Правилата за котација на македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ, а се со цел остварување на принципот на транспарентност, друштвото секогаш навремено и точно информираше и доставуваше на интернет страницата на македонската берза, ценовно чувствителни информации, финансиски извештаи и информации поврзани со измени во органи на управување.

Во врска со почитување на принципот на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на друштвото, сакаме да истакнеме дека од страна на Собранието на друштвото секоја година се избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции кое врши ревизија на финансиските извештаи.

Оттаму, согласно ЗТД, Одборот на директори на друштвото ја испитува објективноста на финансиските извештаи и утврдува дека објективно ја претставуваат финансиската состојба и финансиска успешност, во сите материјални значајни аспекти.

Како аргумент плус кон почитувањето на принципот на контрола и ревизија на работењето на друштвото е и организираната независна организациона единица за внатрешна ревизија, чии вработени секогаш навремено доставуваат до Одборот извештаи за спроведената ревизија.

Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности на органите на управување и на другите органи на друштвото, со тоа што го потврдуваат принципот на поделба на надлежности.

Извршувањето на своите секојдневни активности, друштвото ги врши во согласност со законската регулатива и подзаконски акти кои се применуваат подеднакво за сите членови на органите на надзор и управување, лицата со посебни права и одговорности и за останатите вработени во друштвото.

**Неизвршни членови на Одбор на директори**
**на ТД МАКОШПЕД АД Скопје :**

1. Лидија Трајковиќ _________ Неизвршен член - Претседател
2. Никола Лазаров _________ Неизвршен член
3. Гоце Димитриоски ________Неизвршен член